# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на
Општината Битола
излегува по потреба

Број 13, година LVI
Понеделник, 06.10.2025
Битола

www.bitola.gov.mk

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Декларацијата за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија**

1. Ја објавувам Декларацијата за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 03.10.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.08-1028/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.10.2025год. на Општината Битола
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 03.10.2025 година, ја донесе:

**Д Е К Л А Р А Ц И Ј А**
**за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија**

**Член 1**

Советот на Општината Битола ги поздравува и потикнува напорите на домашните и меѓународните институции како и политичките партии во Република Северна Македонија, за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија.

**Член 2**

Претставниците на Единицата на локалната самоуправа Општина Битола, односно Градоначалникот, членовите на советот, општинската администрација и локалните ј авни претпријатија, ќе креираат позитивен амбиент во пресрет на парламентарните избори и нема да ги злоупотребуваат средствата и имотот на Општина Битола за сметка на партиски активности и цели.

Носителите на функции кои ги избира

или именува Советот на Општина Битола да создаваат позитивен амбиент во пресрет на локалните избори и да не ги злоупотребуваат средствата и имотот на Општина Битола за сметка на партиските активности и цели на подрачјето на Општината.

**Член 3**

Советот на Општина Битола ќе ги поттикне ангажманите на здруженијата на граѓани и поединци, со својот авторитет да влијаат врз амбиентот за спроведување избори според меѓународно пропишани стандарди.

**Член 4**

Декларацијата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-113/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.10.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објектот „Пчеличка” во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Мајски Цвет” во Општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објектот „Пчеличка” во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Мајски Цвет” во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 03.10.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.08-1028/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.10.2025год. на Општината Битола
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24), а во врска со член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16,163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ” бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022 и 236/2022), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 03.10.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објектот „Пчеличка” во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Мајски Цвет” во Општина Битола**

**Член 1**

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и за вршење на дејноста на новиот објект „Пчеличка” лоциран на ул. „Младински Бригади” бр.2 влез II како составен дел на ЈУ „Дом за доенчиња и мали деца” Битола, во нето корисна површина на објектот од 420 м2 и двор од околу 600 м2 во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Мајски Цвет” во Општина Битола

**Член 2**

Дејноста на детската градинка е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување,

престој, нега, исхрана, воспитно - образовни, спортско - рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

**Член 3**

Во објектот опишан во член 1 на оваа одлука ќе се врши згрижување и воспитание на 76 деца, кои ќе бидат опфатени во 4 групи од девет(9) месеци до шест(6) годишна возраст.

**Член 4**

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. 28/14, 40/14, 136/14, 71/15, 170/16 и 151/18 и „Службен весник на РСМ” бр.110/22 и 259/24).

**Член 5**

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ќе се обезбедуваат пеку ЈОУДГ„Мајски Цвет“-Битола, Буџетот на Општина Битола, од Буџетот на Република Северна Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

**Член 6**

Општина Битола како основач на ЈОУДГ „Мајски Цвет” ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение од Министерството за социјална политика, демографијаи млади, за отпочнување со работа на новиот објектот.

**Член 7**

Директорот на ЈОУДГ „Мајски Цвет” Битола се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општината Битола.

| | |
|---|---|
| Бр.09-113/4 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 03.10.2025 год. | на Советот на Општината |
| Б и т о л а | Габриела Илиевска |

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

# СОДРЖИНА

Д Е К Л А Р А Ц И Ј А за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија.......................1

О Д Л У К А за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објектот „Пчеличка" во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Мајски Цвет" во Општина Битола................................................2

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211